Врз основа на точка а) од дел IV од Програмата за поттикнување за снабдување со гас во домаќинствата за 2026 година (‘‘Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 35/26), Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за надоместување на дел од трошоците за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија за 2026 година

### 1. Опис на јавниот оглас

1.1 Со цел стимулирање на користењето на природниот гас, на домаќинствата кои ќе се приклучат на гасоводниот дистрибутивен систем, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини ќе им обезбеди поврат на средства во висина до 70%, но не повеќе од 30.000,00 денари по домаќинство за 2026 година.

1.2 Јавниот оглас е наменет за домаќинствата кои имаат извршено приклучување на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или извршено набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија, во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година.

### 2. Барање за надоместок

2.1 Домаќинствата кои имаат извршено приклучување на соодветниот систем за дистрибуција на гас или набавка на котел на гас за веќе извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во државата во 2026 година, до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини поднесуваат Барање за надоместок на пропишан образец, по денот на објавување на Јавниот оглас.

2.2 Кон барањето за надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од точка 1.2 но овој оглас се исполнети, барателот до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини ги доставува следните документи:

2.2.1 Пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини или да се обезбеди преку веб страницата на министерството: www.energy.gov.mk

2.2.2 Потврда издадена од страна на операторот на системот за дистрибуција на природен гас дека е извршено приклучувањето кај домаќинството во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, со цена на чинење на приклучокот на системот за дистрибуција на гас.

2.2.3 Доказ во оригинал дека се целосно намирени трошоците за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас:

- Фискална сметка (издадена во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година), или
- Фактура со извод од деловна банка или уплатница (издадена во период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година), како и потврда издадена од страна на


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk

операторот на системот за дистрибуција на гас дека изградбата на куќниот гасен приклучок кај набавувачот на котелот на гас е завршена пред 1 јануари 2026 година.

Едно лице од секое домаќинство може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден, прв услужен‘‘.

2.3 Кон барањето потребно е барателот да ја достави и следната документација:

- Изјава заверена на нотар со која се потврдува дека целокупната приложена документација кон барањето е точна и веродостојна (образецот на изјавата може да се подигне во архивата на Министерството или да се обезбеди преку веб страницата на Министерството: www.energy.gov.mk),
- Фотокопија од лична карта на барателот и
- Податоци за трансакциската сметка на барателот.

2.4 Барателот на дел од трошоците за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија во 2026 година, своето барање за надоместок на дел од трошоците, заедно со потребната документација, го доставува во ЗАТВОРЕН КОВЕРТ до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини на адреса Ул. Македонија Бр. 27 Скопје – Центар, 1000 Скопје по пошта или во архивата на министерството.

2.5 На ковертот треба да стои: ЈАВЕН ОГЛАС ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВЕДБА НА ПРИКЛУЧОК НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ГАС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИЛИ ЗА НАБАВКА НА КОТЕЛ НА ГАС НА ИЗВРШЕН ПРИКЛУЧОК НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ГАС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА БАРАТЕЛОТ. За датум на пристигање на барањето се смета датумот на пристигнување и заведување во евиденцијата на архивата на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 15:30 часот истиот ден.

2.6 Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини го задржува правото да изврши проверка на документацијата која ја поседува операторот на соодветниот дистрибутивен систем за природен гас за домаќинствата кои поднеле барање за исплата на надоместокот за приклучување на соодветниот систем за дистрибуција на гас, како и на објектите на домаќинствата кои поднеле барање за исплата на надоместок за набавка на котел на гас.

**3. Начин на остварување на надоместокот**

3.1 За спроведување на активностите за реализација на мерките за надоместување на дел од трошоците за домаќинствата за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија во 2026 година, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини формира Комисија од три члена и нивни заменици.

3.2 Комисијата има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците за домаќинствата, за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во државата или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk

системот за дистрибуција на гас во државата, од приложената документација и на Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини му предлага донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

3.3 Комисијата ги разгледува пристигнатите барања од овој оглас поднесени заклучно со 30.06.2026 година, заедно со потребената документација, и го утврдува точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „ прв дојден, прв услужен‘‘.

3.4 Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за домаќинствата за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија за 2026 година, ќе се врши врз основа на донесено решение од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

3.5 Листите на баратели кои ги исполниле условите за надоместок ќе бидат објавени на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 30 Август 2026 година.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk